П.бр.278/95 год.

# З А П И С Н И К

**Од 12.12.1995 год.**

**ЗА УСНАТА ЈАВНА РАСПРАВА**

Одржана пред Општински суд во град Ресен

Од судот присутни:

Судија: Билјана Јоновска

Записничар: Мирјана Шукулоска

Тужител: ОО на Сојузот на Борците-
од: Ресен

Тужен: Тодор Симовски
од: Скопје

Предмет: Раскин на договор и повраќај на средства и материјали

Вредност: 36.312,оо де.

По објавувањето предметот на спорот во 10,05 часот пристапија:

1. За тужителот: лично застапникот Ѓорѓи Прцуловски

2. За тужениот: лично

Пред почетокот на расправата странките изјавија дека во меѓувреме го расчистиле спорното прашање по тужбата, заради што согласно предложија судот да им го внесе во записник следното:

## СУДСКО ПОРАМНУВАЊЕ

СЕ ОБВРЗУВА тужениот Тодор Симовски од Скопје, ул. "Руса Плавева" бр.6, Монографијата за животот и револуционерното дело на Наум Веслиевски - Овчарот, го изработи и тоа: Првиот дел заклучно со 31.03.1996 год. а комплетна Монографијата да ја изработи и предаде на тужителот Општински Одбор на Сојузот на Борците на Македонија - Ресен, заклучно со 30.06.1996 година.

Исто така тужениот Тодор Симовски СЕ ОБВРЗУВА на тужителот да му ги поврати сите земени материјали за изработка на монографијата согласно регистерот под бр.03-55 од 17.05.1990 година. Исто така тужениот Тодор СЕ ОБВРЗУВА да заклучно со 30.06.1996 год. ги предаде и материјалите кои дополнително му се дадени од страна на лицето Крсте Митревски од с. Јанковец, предадени согласно записник во писмена форма.

СЕ ОБВРЗУВА тужениот Тодор дека Монографијата ќе ја изработи квалитетно согласно расположивиот материјал што му е даден од страна на тужителот за изработка.

Доколку од страна на тужениот Монографијата не биде изработена во определените рокови како погоре, издавачкиот договор под бр. 0859/1 од 28.05.1990 год. заклучен помеѓу тужителот од една страна и тужениот од друга страна се раскинува.

Тужениот Тодор СЕ ОБВРЗУВА на тужителот да ги поврати и сите парични средства, што му се дадени од страна на тужителот за изготвувањето на Монографијата и тоа валоризирани и со процесна законска камата.

Со ова во целост се слага застапникот на тужителот.

На ваков начин странките дефинитивно го расчистиле спорното прашање по тужбата така што еден према друг нема што повеќе да побаруваат.

./.

Записникот од судското порамнување прочитан им е на странките од збор до збор, го признаваат за свој и со сила на извршен наслов го потпишуваат.

По еден примерок во препис од записникот даж им ее достави на странките.

Таксата за судското порамнување во износ од 750,оо ден. да ја платат странките по половина за што се опоменети.

Завршено во 10,35 часот

Тодор Симовски,с.р. Ѓорѓи Прцуловски,с.р.

Записничар, Мирјана Шукулоска,с.р.

Судија, Билјана Јоновска,с.р.

ОПШТИНСКИ СУД РЕСЕН

Верно со оригиналот потврдува

Судски службеник